Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“,бр.50/02), а согласно член 118 став 3 од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија“,бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 157/13, 42/14 и 44/15), решавајќи по Барањето на ДПТУ “РИМЕС“ ДОО – Скопје и ТДПТУ “РИМЕС МС ГРОУП“ ДОО - Скопје за пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план бр.08/17-1003/13 од 17.12.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ВРШИ ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС** на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08/17-1003/13 на инсталацијата ТДПТУ “РИМЕС МС ГРОУП“ ДОО – Скопје.

2. Решението за целосен пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план ќе се објави во еден дневен весник, во рок од 10 (десет) дена од денот на издавањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Град Скопје на ден 17.12.2013 година донесе Решение за издавање на Дозвола за усогласување со оперативен план со арх.број 08/17-1003/13 на производната инсталација ДПТУ “РИМЕС“ ДОО – Скопје.

Согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола (“Службен весник на Република Македонија“, бр.112/14), ДПТУ “РИМЕС“ ДОО – Скопје и ТДПТУ “РИМЕС МС ГРОУП“ ДОО – Скопје доставија заедничко барање за пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план со арх.бр.17-3917/1 од 27.04.2015 година.

Постапувајќи според член 118 став 3 од Законот за животна средина, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија“, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 157/13, 42/14 и 44/15), против ова Решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението. Жалбата подлежи на административна такса во износ од 200,00 денари.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на **15.05.2015** година,  Под број **08/17-1003/13.**

Доставено до:

- Архива
- ТДПТУ “РИМЕС МС ГРОУП“ ДОО – Скопје
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање

**Градоначалник на Град Скопје**
**Коце Трајановски**